# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 10 | Понеделник , 02 јули 2007 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| **80.** | **Одлука** за дополнување на Деловникот на Советотна Општина Струмица ………………………………… | 2 |
| **81.** | **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на Урба-нистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година …… | 2 |
| **82.** | **Одлука** за утврдување на бојата на возилата за вршење на авто – такси превоз на патници за подрачјето на Општина Струмица……………………….. | 3 |
| **83.** | **Одлука** за утврдување на највисоката тарифа во вршењето на услугите во авто такси превозот на патници на Општина Струмица………………………… | 4 |
| **84.** | **Одлука** за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица…………………………………… | 5 |
| **85.** | **Спогодба** за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село…….… | 14 |


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за дополнување на Деловникот на Советот на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за дополнување на Деловникот на Советот на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.06.2007 година.

Број 08-2997/2 Градоначалник
02.07.2007 год на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**80.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 20 став 1 точка 2 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Струмица**

Член 1

Во Деловникот на Советот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 2/06) во членот 27 став 1 се додава нова алинеа 4 која гласи:

“- Им обезбедува користење ЛАП топ – преносни компјутери”.

Алинеа 4 станува алинеа 5.

Член 2

Во член 61 по став 2 се додаваат нови ставови 3, 4 и 5 кои гласат:

“Материјалите по прашањата што се предлагаат на дневен ред за седница на Советот и за седниците на комисиите, се доставуваат во електронска форма (ЦД, ДВД, интернет, е-маил и слично).

“Претседателот на Советот, оценува на барање на член на Советот, материјалот да му се достави и во писмена форма”

“Решението за свикување седница се доставува во писмена форма”

Став 3 станува став 6.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2997/1 Совет на општина Струмица
28.06.2007 год. П р е т с е д а в а ч,
С т р у м и ц а Марко Божинов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработака на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.06.2007 година.

Број 08-2998/2 Градоначалник
02.07.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………..

**81.**

Врз основа на член 17 став 1 точка 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година**

Член 1

Со оваа Програма се дополнува Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година (“Сл. гласник на општина Струмица” број 22/06 и 7/07) и тоа:

Во делот на Програмата под
2. Планирани активности под II Детални урбанистички планови по реден број 24 се додава нов реден број:

- реден број 25. Во делот на “објекти” се додаваат зборовите “Дел од блок број 4”, а во делот од “износ денари” се додава зборот “самоинвестирање”.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2998/1 Совет на општина Струмица
28.06.2007 год. П р е т с е д а в а ч,
С т р у м и ц а Марко Божинов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на бојата на возилата за вршење на авто – такси превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица

1.Се објавува Одлуката за утврдување на бојата на возилата за вршење на авто – такси превоз на патници на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.06.2007 година.

Број 08-2999/2 Градоначалник
02.07.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………..

**82.**

Врз основа на член 53 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај (“Сл. весник на РМ” број 68/04) и член 20 став 1 точка 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на бојата на возилата за вршење на авто – такси превоз на патници за подрачјето на Општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува бојата на возилата за вршење на авто – такси превоз на патници за подрачјето на Општина Струмица.

Член 2

Бојата на возилата за вршење на авто – такси превоз на патници за подрачјето на општина Струмица се утврдува да биде “ЖОЛТА- 40”.

Член 3

Превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на авто – такси превоз на патници за подрачјето на општина Струмица се должни да ги бојадисаат возилата со кои се врши истиот превоз во жолта боја најкасно до 01.07.2008 година.

После 01.07.2008 година ако превозникот врши авто – такси превоз на патници со возила кои не се бојадисани со жолта боја согласно член 2 од оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај кои се однесуваат на одземањето на лиценците за вршење на овој превоз.

Член 4

Со влегување во сила на оваа Одлука престануваат да важат член 172 и член 187 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување (“Сл. гласник на општина Струмица” број 1/97, 3/98 и 5/03).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2999/1 Совет на општина Струмица
28.06.2007 год. П р е т с е д а в а ч,
С т р у м и ц а Марко Божинов с.р

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на највисоката тарифа во вршење на услугите во авто-такси превозот на патници на Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување на највисоката тарифа во вршење на услугите во авто – такси превозот на патници на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.06.2007 година.

Број 08-3000/2 Градоначалник
02.07.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

**83.**

Врз основа на член 53 од Законот за превоз во патниот сообраќај ( “Сл. весник на РМ” бр. 68/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица ( “Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на највисоката тарифа во вршењето на услугите во авто-такси превозот на патници на Општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува највисокиот износ на тарифата – висината на цената на услугите што се наплаќаат при вршењето на авто – такси превозот на патници на Општина Струмица од страна на превозниците.

Член 2

Највисокиот износ на тарифата – висината на цената на услугите што го наплатуваат авто – такси превозниците при вршење на авто – такси превозот на патници на општина Струмица се утврдува:

1. Од старт до 1 км во дневен и ноќен превоз …………………..…… 30,00 ден.

2. За секој изминат километар после изминување:

на 1 км од стартот во дневниот превоз …………………………….. 15,00 ден.

3. За секој изминат километар после изминување
на 1 км од стартот во ноќниот превоз…………………………….. 20,00 ден.

4. Чекање во траење на
1 минута ……………..……… 05,00 ден.

Дневниот превоз на патници во авто – такси превозот се смета времето од 05,00 часот до 24,00 часот.

Ноќниот превоз на патници во авто – таски превозот се смета времето од 24,00 часот до 05,00 часот.

Член 3

Превозникот е должен ценовникот на услугите во вршењето на авто – такси превозот на патници да го истакне на видно место во самото патничко возило.

Член 4

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на највисоката тарифа во вршењето на услугите во авто – такси превозот на патници во општина Струмица (“Сл.гласник на општина Струмица” број 1/99).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-3000/1 Совет на општина Струмица
28.06.2007 год. Претседатвач,
С т р у м и ц а Марко Божинов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.06.2007 година.

Број 08-3001/2 Градоначалник
02.07.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

**84.**

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Сл. весник на РМ" број 68/04 и 127/05) и член 20 став 1 точка 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица**

### I. Основни одредби

Член 1

Со оваа Одлука се уредува општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица при што особено се утврдуваат:

- единствена мрежа на линии;

- единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;

- начинот на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа;

- тарифниот систем и системот за наплата;

- локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена;

- изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта;

- одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1); и

- критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распоредувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

Општински линиски превоз на патници е јавен превоз кој се врши на подрачјето на Општина Струмица.

Општински линиски превоз на патници можат да вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз за подрачјето на општина Струмица.

Лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници за подрачјето на Општина Струмица издава градоначалникот на Општина Струмица.

Лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници за подрачјето на Општина Струмица може да добие домашно правно или физичко лице (во натамошниот текст:превозник),ако ги исполнува следните услови:

-да е впишан во Централниот регистер и да има регистрирано претежна дејност: вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;

-да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за општински линиски превоз или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на општински линиски превоз;

-да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;

-управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност:

-да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот,

стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај;

- да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возилата со кои ќе го врши превозот, како и места за задржување на возилата за време кога истите не се користат, или договор заверен на нотар за обезбедено право на користење на таков капацитет за период од најмалку четири години.

## II.Единствена мрежа на линии

Член 2

За подрачјето на Општина Струмица во општинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствена мрежа на линии и тоа:

| р.б. | Број и име на линијата | Траса на линијата |
|---|---|---|
| 1. | 1. Струмица – Добрејци | Струмица – Добрејци |
| 2. | 2. Струмица – Просениково | Струмица – Просениково |
| 3. | 3. Струмица – Габрово | Струмица-Дабиле-Муртино –Банско – Габрово |
| 4. | 4. Струмица – Свидовица | Струмица – Куклиш - Свидовица |
| 5. | 5. Струмица – Костурино | Струмица – Костурино |
| 6. | 6. Струмица – Рич | Струмица – Раборци – Попчево –Белотино – Рич |
| 7. | 7. Струмица - Вељуса | Струмица – Баница – Водоча – Вељуса |
| 8. | 8. Струмица – Гр.Балдовци | Струмица – Гр. Балдовци |
| 9. | 9. Струмица – Муртино | Струмица – Сачево - Муртино |
| 10. | 10 .Просениково- Струмица | Просениково – Струмица |
| 11. | 11. Габрово- Струмица | Габрово – Банско – Муртино – Дабиле- Струмица |
| 12. | 12. Свидовица – Струмица | Свидовица – Куклиш - Струмица |
| 13. | 13. Костурино – Струмица | Костурино – Струмица |
| 14. | 14. Рич - Струмица | Рич - Белотино – Попчево – Раборци –Струмица |
| 15. | 15. Вељуса – Струмица | Вељуса – Водоча – Баница – Струмица |
| 16. | 16. Гр. Балдовци – Струмица | Градско Балдовци – Струмица |
| 17. | 17. Добрејци – Струмица | Добрејци – Струмица |
| 18. | 18. Муртино – Струмица | Муртино – Сачево - Струмица |

Член 3

Линија е определена релација правец на возење од почетната до крајната автобуска станица или стојалиште на која се превезуваат патници во линискиот патен превоз, согласно со однапред утврден, регистриран и објавен возен ред и цена на превозот.

Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има свој број и име.

Името на линијата се означува со името на почетното и крајното свртувалиште, како и со имињата на некои пофреквентни стојалишта .

Бројот и името на линијата се поставува на видно место во возилото, на автобуските стојалишта и на автобуските свртувалишта.

## III. Единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување

Член 4

Возен ред е документ со кој се утврдува линијата, видот на превозот, релациите на кои се врши превозот, редоследот на станиците и постојките, нивната оддалеченост од почетната станица или постројка, времето на пристигнување, застанување и заминување на секоја станица и постојка, периодот во кој превозникот го врши превозот на линијата и времето на важење.

Член 5

Постапката за одобрување на нови возни редови и за промена на веќе одобрените возни редови за определени линии и за издавање на дозвола за вршење на линиски превоз на патници на определена линија, опфаќа дејствија со кои превозникот кој поседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на

патници на подрачјето на Општина Струмица се стекнува со право да врши линиски превоз на патници на определена линија.

Член 6

Одобрувањето на возни редови за нови линии како и промена на возни редови на одобрени линии во општинскиот линиски превоз на патници се врши еднаш годишно.

Член 7

Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР на Општина Струмица во почетокот на секоја година а заклучно со 15 јануари објавува оглас за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.

Огласот се објавува на ВЕБ страната на општина Струмица и во најмалку две печатени јавни гласила.

Во огласот се определува рокот за поднесување на барањето и условите согласно членот 24-а став 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај што треба да ги исполнува превозникот за да може да учествува на истиот.

На огласот од став 1 на овој член барање за промена на возен ред за определена линија за која е издадена дозвола може да поднесе превозник доколку важноста на дозволата и возниот ред истекуваат во тековната година.

Член 8

Барањето за одобрување на возен ред се поднесува до Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР на Општина Струмица во рокот определен во објавениот оглас, во затворен плик, препорачано по пошта или со потврден прием во архивата на Секторот.

Член 9

Барањето за одобрување на возен ред и за промена на одобрен возен ред ги содржи следните податоци:

-полн назив, седиште и адреса на превозникот,

-матичен број и даночен број на превозникот,

-вид на превозот на кој се бара одобрување на возниот ред, односно промена на возниот ред за кој е издадена дозвола.

Барањето треба да биде потпишано и заверено од законскиот застапник на превозникот.

Член 10

Кон барањето превозникот приложува докази за исполнување на условите за одобрување на возниот ред и тоа:

-копие од лиценцата за вршење на општински линиски превоз на патници за подрачјето на Општина Струмица,

-копие од сите возни редови за линии што му се одобрени,

-број на возила (сопствени или по договор за лизинг), со кои располага, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови за вршење на општински линиски превоз,

-предлог на возен ред за линијата изготвен на пропишан образец и

-број на вработени возачи во редовен работен однос во зависност од бројот на возилата со кои ќе го врши превозот (минимум по еден возач по возило),што ги исполнуваат условите предвидени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Како доказ за исполнувањето на условите од став 1 алинеа 3 на овој член превозникот приложува список на возилата регистрирани на име на фирмата согласно регистрацијата од Централниот регистар и фотокопија од сообраќајните дозволи за секое возило одделно, односно фотокопија од Договорот за лизинг и од сообраќајната дозвола заверени на нотар за возилата што ги користи по договор за лизинг од овластен дистрибутер и потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на општински линиски превоз на патници.

Доколку возниот ред за линијата е со повеќе поаѓања кои не можат да се одржуваат со едно возило превозникот треба за тие возни редови да поседува толку возила колку што е потребно за да може да ги одржува сите поаѓања.

Како доказ за исполнување на условот од став 1 алинеа 5 на овој член превозникот приложува список на вработени возачи во редовен работен однос со фотокопија од обрасците М1 и М2 и потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за платени придонеси не постари од три месеци за секој возач поодделно.

Член 11

Барањата за одобрување на возни редови за нови линии односно за промена на возни редови за одобрени линии ги разгледува Комисија формирана од градоначалникот на општина Струмица.

Барањата поднесени по истекот на рокот определен во огласот, како и барањата кон кои не се приложени сите докази пропишани со законот не се земаат во разгледување и Комисијата ги отфрла како непотполни.

За комплетните барања поднесени во рокот определен во огласот, Комисијата од став 1 на овој член, согласно критериумите пропишани со оваа одлука изготвува предлог листа на одобрени, односно одбиени барања кои ги доставува до градоначалникот на Општина Струмица за одобрување.

Член 12

Врз основа на одобрените листи се изготвуваат решенија.

Примерок од решението со кое возниот ред се одобрува,односно одбива се доставува до превозникот.

Член 13

Превозникот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до градоначалникот на Општина Струмица доставува барање за регистрација на одобрениот возен ред и за издавање на дозвола за линијата за која возниот ред е одобрен.

Кон барањето за регистрација на возниот ред и издавањето на дозволата за општинскиот линиски превоз се приложува следната документација:

-решение од одобрениот возен ред,

-10 примероци од одобрениот возен ред изготвени на пропишан образец,

-доказ за платена административна такса за регистрација на возниот ред,

-доказ за платена административна такса за издавање на дозволата (зависно од бројот на дозволи).

Доколку превозникот барањето за регистрација на одобрениот возен ред и за издавање на дозвола не го поднесе во рокот од став 1 на овој член ќе се смета дека истиот не е заинересиран за одржување на линијата и истата ќе се брише од регистерот на одобрени линии.

Член 14

Возниот ред гласи на име на превозникот.

Доколку превозот сакаат да го вршат заеднички повеќе превозници, возниот ред гласи на сите превозници.

Член 15

При утврдување на возниот ред за определена линија во општинскиот линиски превоз на патници превозникот треба да води сметка за временскиот интервал на поаѓање на веќе одобрен возен ред кој изнесува минимум 30 минути.

Поаѓање е време кое го означува почетокот на извршување на превозот на почетокот и на сите попатни станици наведени во возниот ред.

Во општинскиот линиски превоз на патници за време на врвното сообраќајно оптоварување и тоа почнувајќи од 6,00 часот до 8,00 часот претпладне и од 12,00 часот до 17,00 часот, временскиот интервал утврден во став 1 на овој член може да се намали за 50%.

Врвно сообраќајно оптоварување (врвен час) е времето во текот на денот потребно за одење и враќање на и од работа, училиште и слично.

Член 16

Место за застанување во возниот ред за општинскиот линиски превоз на патници се определените автобуски стојалишта согласно оваа Одлука.

Член 17

Барањето за одобрување на возен ред за нова линија или за промена на возен ред нема да се одобри доколку во постапката за негово одобрување се констатира дека превозникот при определувањето на времето на поаѓање од почетната станица и попатните станици не ги почитувал пропишаните критериуми од член 15 на оваа Одлука или временските интервали предложени во возниот ред во две или повеќе станици се совпаѓаат со веќе одобрен возен ред.

Член 18

Доколку во постапката за одобрување регистрирање на нов возен ред има барање од два или повеќе превозника со иста почетна и крајна станица, приоритет има превозникот со седиште во почетната станица.

Член 19

Важноста на возниот ред за вршење на општински линиски превоз на патници се продолжува на барање на превозникот.

Барањето за продолжување на возниот ред се поднесува до градоначалникот на Општина Струмица најкасно 30 дена пред истекот на важноста.

Кон барањето за продолжување на возниот ред за општинскиот линиски превоз на патници превозникот е должен да ги приложи следните документи:

-копија од лиценцата за општински линиски превоз на патници за подрачјето на Општина Струмица,

-список на возила во сопственост,односно за возила што ги користи по договор за лизинг со фотокопии од сообраќајните дозволи, заверени на нотар,

-список на возачи во редовен работен однос и доказ за платени придонеси по основ на врботување,

-потребен број на возни редови, итинерер и ценовник, и

-доказ за платени административни такси.

Член 20

Градоначалникот на Општина Струмица нема да ја продолжи важноста на возниот ред и дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници ако превозникот:

-не поднесе барање за продолжување на важноста на возниот ред и дозволата во рокот од член 19 на оваа Одлука,

-нема важечка лиценца,

-нема доволен број на превозни капацитети и најмалку по еден возач по возило во редовен работен однос.

Член 21

Возниот ред за општинскиот линиски превоз на патници може да престане да важи и пред истекот на рокот за кој е регистриран ако:

-превозникот престанал да ги исполнува условите врз основа на кои е издаден,

-престанала важноста на лиценцата,

-на барање на превозникот,и

-превозникот престанал да постои по други посебни прописи.

Член 22

Изгубен, оштетен или дотраен возен ред на барање на превозникот може да се замени со нов.

Кон барањето за издавање на нов возен ред согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се утврди дека истиот е изгубен, дотраен или оштетен.

Член 23

Возниот ред се истакнува:

- во возилото; и

- на почетното – крајното свртувалиште и на стојалиштата.

Секој превозник својот регистриран возен ред го истакнува посебно.

Член 24

Качувањето и слегувањето на патниците се врши само на автобуските стојалишта, согласно со утврдениот возен ред.

Член 25

Превозникот е должен да ги одржува линиите согласно регистрираниот возен ред.

**IV. Начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа:**

Член 26

Контролата на сообраќајот на автобусите и линиите во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица ја врши Секторот за инспекциски работи на Општина Струмица преку овластениот инспектор за патен сообраќај.

Општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица можат да вршат превозници кои имаат добиено лиценца за таквиот превоз издадена од Градоначалникот на општина Струмица.

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица се врши врз основа на дозвола за опраделена линија што ја издава градоначалникот на општина Струмица.

Лиценцата, дозволата и возниот ред во општинскиот линиски превоз на патници

се издаваат со рок на важење од четири години.

Член 27

При вршењето на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица превозникот е должен во возилото да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

Член 28

Качување и слегување на патници во општинскиот линиски превоз се врши на автобуските стојалишта согласно утврдениот и регистриран возен ред.

Автовусите на предната и бочната десна страна на видно место треба да го содржат бројот на линијата, почетното и крајното стојалиште.

Член 29

Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој на општина Струмица преку Одделението за комунални работи е должно да води евиденција на превозниците и моторните возила регистрирани за општинскиот линиски первоз на патници на подрачјето на општина Струмица.

Член 30

Одделението за комунални работи при Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР на Општина Струмица е должно да прибира, обработува, чува, посредува и користи податоци потребни за издавање лиценци за вршење на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица и регистрација на автобуски возни редови, како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници.

Евиденцијата ги опфаќа следните податоци:

- матичен број, даночен број, назив и седиште на превозникот;

- име и презиме на одговорното лице за превоз;

- број и важност на издадена лиценца, вид на превозот за кој лиценцата е издадена, марка, тип и регистарски број и други податоци за возилата за кои е издадена лиценцата;

- име и презиме, единствен матичен број (ЕМБ) и образование на вработените возачи;

- дали е во сила правосилна судска одлука за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во сообраќајот;

- податоци за намирени обврски по основ на јавни давачки; и

- изречени мерки против превозниците врз основа на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Податоците од став 2 на овој член можат да се прибираат и од евиденциите на Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, надлежниот првостепен суд и на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. При прибирањето на податоците за превозникот од веќе постојните збирки на податоци, Одделението за комунални работи не е должно да го извести превозникот за кои податоците се однесуваат.

Органите, организациите и поединците кои располагаат со податоците, односно збирките на податоци од ставот 2 на овој член, се должни по претходно барање овие податоци да му ги достават на Одделението за комунални работи.

Член 31

Податоците од член 30 на оваа Одлука се водат за цело време додека превозникот е впишан во евиденцијата на превозниците во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица.

Податоците се чуваат уште пет години од денот кога превозникот е избришан од евиденцијата на превозниците.

Податоците од член 30 на оваа Одлука можат да се даваат на други државни органи, ако тие ги бараат и ако нивното барање е поврзано исклучиво со превозничката дејност со која се занимаваат превозниците.

Член 32

Одделението за комунални работи ќе го брише превозникот од евиденцијата на превозници ако:

- на превозникот му престане важноста на лиценцата за вршење општински линиски превоз на патници и тоа од денот на престанокот на важноста на лиценцата; и

- превозникот е избришан од трговсккиот регистар и тоа од денот на бришењето.

## V.Тарифен систем
## и систем на наплата

Член 33

Со тарифниот систем се определува цената на превозот на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица.

Тарифниот систем го утврдува Советот на општина Струмица со посебна Одлука.

Член 34

Систем на наплата е наплатата на превозните услуги во општинскиот линиски превоз на подрачјето на општина Струмица.

Превозните услуги се наплаќаат преку фискален апарат во возилото или наплатата на превозните услуги може да се врши и со возни и претплатни билети.

## VI. Локација на автобуски терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена

Член 35

Автобуски терминал е уреден простор наменет за трансфер на патниците во општинскиот превоз на патници и служи за свртување на возилата заради промена на насоката на движењето.

Автобуско свртувалиште е уреден простор на крајните точки (термикус) во општинскиот линиски превоз наменет за качување и слегување на патниците и служи за свртување на возилата заради промена на насоката на движењето.

Автобуско стојалиште е простор одреден за застанување на автобуси согласно со возниот ред и за безбедно влегување , односно излегување на патниците.

Член 36

Локациите на автобуските свртувалишта во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица се:

1.Струмица (автобуска станица)
2.с.Добрејци
3.с.Просениково
4.с.Габрово
5.с.Свидовица
6.с.Костурино
7.с.Вељуса
8.с.Гр. Балдовци

Локации за автобуски стојалишта во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица се:

1.с. Дабиле
2.с. Муртино
3.с. Банско
4.с. Куклиш
5.с. Габрово
6.с. Попчево
7.с. Белотино
8.с. Баница
9.с. Водоча.

Член 37

Иницијатива за покренување постапка за измена на локациите на автобуските свртувалишта и стојалишта можат да поднесат месните заедници, превозниците и граѓаните до Советот на Општина Струмица.

Советот на општина Струмица одлучува за измена на локациите на автобуските свртувалишта и стојалишта.

## VII. Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта

Член 38

Изградбата, обележувањето, определувањето и одржувањето на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта во општинскиот линиски превоз на патници се врши на начин и услови определени со Програмата за изградба реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта на Општина Струмица.

За користење на автобуските терминали, автобуските свртувалишта и стојалишта, превозниците плаќаат надоместок.

Висината на надоместокот од став 2 на овој член ја утврдува Советот на општината.

**VIII.Одредување релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1)**

Член 39

Одредувањето на релација на место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) во општинскиот линиски превоз на патници се уредува со посебна одлука донесена од Советот на општина Струмица.

**IX. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распоредувањето на линиите на превоз на патници во општинскиот линиски превоз**

Член 40

Постапка за добивање и одземање на дозвола за редовен линиски превоз на патници во општинскиот линиски превоз на патници опфаќа одделни дејствија со кои определено правно и физичко лице кое поседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица се стекнува со право да врши превоз на патници на определена линија, согласно утврден и одобрен возен ред.

Член 41

Барањето за добивање на дозвола за општинскиот линиски превоз на патници од страна на превозникот кој има одобрено возен ред за определена линија се поднесува до Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР – Одделение за комунални работи на општина Струмица.

Кон барањето превозникот поднесува решение со кое му е одобрен возниот ред за линијата за која бара дозвола и регистриран возен ред издадени од Градоначалникот на општина Струмица.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред. По барање на превозникот можат да се издадат и повеќе примероци.

За издавање на дозвола за општинскиот линиски превоз на патници покрај решението и возниот ред превозникот приложува и ценовник и итинерер (означувањето на одреден правец на движење на превозното средство на определена линија).

Член 42

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за нејзино издвање.

Член 43

Барањето за издавање на дозвола во општинскиот превоз на патници ќе биде одбиено ако барателот:

- не достави одобрен и регистриран возен ред;
- во рок од 30 дена од денот на одобрувањето на возниот ред не поднесе барање за издавање на дозвола;
- нема лиценца за вршење на линиски превоз на патници;
- нема доволен број на возила во сопственост (автобуси);
- нема најмалку по еден вработен возач во редовен работен однос по возило.

Член 44

По истекот на рокот за кој е издадена дозволата од член 41 на оваа Одлука истата може да се продолжи.

Барањето за продолжување на важноста на дозволата се поднесува до Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР – Одделението за комунални работи на Општина Струмица во рок од 30 дена пред истекот на рокот за општинскиот линиски превоз на патници.

Кон барањето за продолжување на важноста на дозволата превозникот покрај доказите од член 41 на оваа Одлука приложува и копие од издадената дозвола чие продолжување се бара.

Член 45

Дозволата од член 44 на оваа Одлука нема да се продолжи ако:

- истекол рокот на важноста на лиценцата;

- не ги подмирил законските обврски во врска со вршење на превозот (данок, пензиско и здравствено осигурување);

- нема доволен број на соодветни возила во сопствеост (автобуси) и најмалку по еден возач во редовен работен однос по возило;

- ако во текот на важење на дозволата извршил повреда на прописите за техничка исправност на возилата и времето на управување и одмор на возачите.

Член 46

Дозволата за вршење на општинскиот линиски превоз на патници на превозникот може да му се одземе ако:

- престанала важноста на лиценцата за вршење на општински линиски превоз на патници;

- превозникот не ги исполнува условите врз основа на кои е издадена; и

- на барање на превозникот.

Член 47

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да биде заменета со нова на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање на нова дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се утврди дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

X. Н а д з о р

Член 48

Надзор над спроведувањето на одредбите од оваа Одлука врши Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР – Одделението за комунални работи на општина Струмица.

Член 49

Инспекциски надзор над примената на одредбите на оваа Одлука го вршат овластените инспектори за патен сообраќај на Општина Струмица, кои преземаат соодветни мерки согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.

Член 50

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-3001/1 Совет на општина Струмица
28.06.2007 год. П р е т с е д а в а ч,
С т р у м и ц а Марко Божинов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Спогодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село

1.Се објавува Спогодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници на општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.06.2007 година.

Број 08-3002/2 Градоначалник
02.07.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р

………………

**85.**

Врз основа на член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај (“Сл. весник на РМ” број 68/04 и 127/06) и член 20 став 1 точка 10 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

# Спогодба за начинот и условите за заеднничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село

## I-Општи одредби

Член 1

Со оваа спогодба се утврдуваат начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село. (во понатамошен текст: "заеднички превоз").

Со оваа Спогодба особено се утврдува:

-единствена мрежа на линии;
-единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;
-локација на автобуски стојалишта,нивно обележување, опремување и менување;
-тарифен систем и систем на наплата, и
-критериуми и начин за издавање и одземање на дозволата за вршење на превозот и распоредување на возните редови утврдени во единствената мрежа на линии на превозниците во заедничкиот превоз.

Член 2

Заедничкиот превоз на патници се врши со моторни возила што ги исполнуваат условите утврдени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за општинскиот лински превоз на патници.

Член 3

Проверка на исполнетоста на посебните техничко-експлоатациони услови на возилата со кои се врши превозот во заедничкиот превоз на патници вршат овластените правни лица за вршење на технички преглед за регистрација на возила, согласно со прописите за безбедност на сообраќајот и посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за општинскиот линиски превоз на патници.

За возилата што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови превното лице од став 1 на овој член издава потврда.

Член 4

За вршење на превозот во заедничкиот превоз на патници превозникот мора да има лиценца за вршење на општинскиот линиски превоз на патници издадена од градоначалникот на општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот согласно одредбите на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Член 5

Заедичкиот превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава градоначалникот на општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот.

Член 6

Превозникот кој има лиценца за вршење на општинскиот линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на заедничкиот превоз на патници откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот на општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот.

Член 7

При вршењето на заедничкиот превоз на патници, превозникот е должен во возилото да има уредно пополнет патен налог, од кој мора да бидат видливи податоците за видот на певозот,назив на фирмата, односно име и седиште на превозникот, главни податоци за почетокот на релацијата и крајната дестинација на превозот, регистарски број на возилото, состојба на километражата на почетокот и на крајот на превозот, бројот на поминати километри, број на превезени патници и печат и потпис на лицето кое го издало налогот.

## II-Единствена мрежа на линии

Член 8

Во заедничкиот превоз на патници се утврдува следната единствена мрежа на линии:

**1. Струмица- Вељуса и обратно**

2+2 линии

За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Баница
-Водоча
и свртувалиште: Вељуса

**2.Струмица – Градско Балдовци и обратно**

1+1 линија

За оваа линија се утврдува следното стојалиште, односно свртувалиште: Градско Балдовци

**3.Струмица - Дукатино и обратно**

2+2 линии

За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:

-Добрејци
-Василево
-Градашорци
-Слобода-"Струмичко поле"
-Владевци
-Радичево
и свртувалиште: Дукатино

**4.Струмица – Рич и обратно**

3+3 линии

За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Раборци
-Попчево
-Брана Водоча
-Белотино
и свртувалиште: Рич

**5.Струмица - Чанаклија и обратно**

2+2 линии

За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Просениково
-Сарај
-Гечерлија
и свртувалиште:Чанаклија

**6.Струмица – Старо Коњарево и обратно**

8+8 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Дабиље
-Робовски пат
-Босилово
-Турново
-Секирник
-Сушички пат
-Ново Село
-Смоларе
-Дражево
и свртувалиште: Старо Коњарево

**7.Струмица – Ново Коњарево и обратно**

4+4 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стјалишта:
-Дабиље
-Робовски пат
-Босилово
-Турново
-Секирник
-Сушички пат
-Ново Село
-Смоларски пат
и свртувалиште: Ново Коњарево

**8.Струмица – Македонско – Бугарска граница и обратно**

2+2 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Дабиље
-Робовски пат
-Босилово
-Турново
-Секирник
-Сушички пат
-Ново Село
-Смоларски пат
-Ново Коњарево
и свртувалиште:Граничен премин

**9.Струмица - Мокрино и обратно**

5+5 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Дабиље
-Робово
-Муртино
-Банско
-Габрово
-Колешино
-Борисово
-Мокриево
и свртувалиште: Мокрино

**10.Струмица – Бања Банско и обратно**

5+5 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Дабиље
-Робово
-Муртино
и свртувалиште: Бања Банско

**11.Струмица – Моноспитово - и обратно**

3+3 линии
-Дабиље
-Робово
-Муртино
и свртувалиште: Моноспитово

**12.Струмиа - Костурино и обратно**
2+2 линии
-Куклишки пат
-Раборски пат
и свртувалиште: Костурино

**13.Струмица - Иловица и обратно**
2+2 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Дабиље
-Босилово
-Турново
и свртувалиште: Иловица

**14.Струмица – Дрвош и обратно**
3+3 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Дабиље
-Петралинци
-Хамзали
и свртувалиште: Дрвош

**15.Струмица-Седларци и обратно**
2+2 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Добрејци
-Василево
-Градашорци
-Ангелци
и свртувалиште: Седларци

**16.Струмица – Нова Маала и обратно**
2+2 линии
За оваа линија се утврдуваат следните стојалишта:
-Добрејци
-Василево
-Градашорски пат
-Слобода (Струмичко поле)
-Добрашинци
и свртувалиште: Нова Маала

**17.Струмица - Свидовица и обратно**
2+2 линии
За оваа линија се утврдува следното стојалиште:
-Куклиш
и свртувалиште: Свидовица

## III-Единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување

Член 9

Возниот ред за определена линија во заедничкиот превоз на патници го утврдува превозникот на пропишан образец, според критериуми определени во оваа Спогодба.

Возниот ред на превозот од став 1 на овој член се пополнува на македонски јазик.

Обрасците од став 1 на овој член се составен дел на оваа Спогодба.

Член 10

Возниот ред треба да гласи на име на превозникот.

Доколку превозот го вршат заеднички повеќе превозници, возниот ред треба да гласи на сите превозници.

Односите на превозниците од став 2 на овој член се утврдуваат со посебен договор (заверен кај нотар) кој се приложува кон барањето за доделување на возниот ред.

Член 11

При утврдувањето на возниот ред за определена линија во заедничкиот превоз на патници превозникот треба да води сметка за временскиот интервал на поаѓање кој за овие возни редови изнесува:

| Должина на линии во км | Минимална временска разлика | |
|---|---|---|
| | во минути | во минути |
| | патнички | директни |
| | пред/после | Пред/после |
| 0-20 | 10 | 20 |
| 21-30 | 20 | 30 |

Поаѓање е време кое го означува почетокот на извршување на превозот на почетокот и на сите попатни станици наведени во возниот ред.

Во заедничкиот превоз на патници за време на врвното сообраќајно оптоварување, и тоа почнувајќи од 06,оо часот до 08,оо часот претпладне и од 12,оо часот до 17,оо часот попладне, временскиот интервал утврден во став 1 на овој член може да се намали за 50%.

Врвно сообраќајно оптоварување (врвен час) е времето во текот на денот потребно за одење и враќање на и од работа, училиште и слично.

При утврдувањето на возен ред за директна линија од седиштето на една општина до седиштето на друга општина не се земаат во предвид возните редови за патничките линии.

Член 12

Места за застанување во возниот ред во заедничкиот превоз на патници се определени автобуски стојалишта утврдени со оваа Спогодба, а за градот Струмица е автобуската станица.

Член 13

Барање за одобрување возен ред за определена линија во заедничкиот превоз на патници се поднесува до општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на превозникот.

Кон барањето за одобрување на возниот ред за определена линија, превозникот треба да го наведе полниот назив на фирмата и да ја приложи следната документација:

1. Лиценца за вршење на општински линиски на патници издадена од општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село;
2. Доказ за регистрирана претежна дејност: вршење превоз на патници во патничкиот сообраќај;
3. Доказ за сопственост на возилата;
4. Доказ дека има доволен број на моторни возила кои ги исполнуваат техничко-експлоатационите услови за возилата за вршење на општински линиски превоз;
5. Доказ дека има соодветен број на возен персонал во редовен работен однос согласно возните редови за линиите и согласно одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
6. Предлог на утврдени возни редови за определена линија, изготвени согласно членот 3 на оваа Спогодба.

Член 14

Доколку во постапката за одобрување регистрирање на нов возен ред има барања од два или повеќе превозника со иста почетна и крајна станица,приоритет има превозникот со седиште во почетната станица.

Член 15

Возниот ред се истакнува:

-во возилото, и

-на почетната и крајната станица и на стојалиштата.

Секој превозник својот регистриран возен ред го истакнува посебно.

Член 16

Качувањето и слегувањето на патниците се врши само на автобуската станица, стојалиштата и свртувалиштата, согласно утврдениот возен ред.

Член 17

Превозникот е должен да го одржува линиите согласно регистрираниот возен ред.

Член 18

За време на важењето на возниот ред не можат да се вршат промени на истиот,ниту да се менува правецот на движење,освен во случаите предвидени со Законот за превоз во патниот соо0браќај и одредбите на оваа Спогодба.

Возниот ред и правецот на движење (интериер) не мопжат да се менуваат пред истекот на важење на дозволата.

Член 19

За време на важење на дозволата превозот може привремено или трајно да се запре само по исклучок под услови предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај кои важат за меѓуопштинскиот линиски превоз на патници.

Привременото и трајното запирање на превозот од став 1 на овој член превозникот е должен да го пријави до градоначалникот на општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот.

Член 20

Издавањето на лиценца и извод од лиценца,распределба на линиите на превозниците, издавањето на дозвола за одржување на линија и регистрирање на возните редови ќе врши градоначалникот на општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот.

Член 21

Општините потписнички на оваа спогодба во почетокот на секоја година а заклучно со 31.јануари објавуваат оглас за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.

Огласот се објавува на **web**-страната на општината и во еден од јавните гласила.

Во огласот се определува рокот на поднесување на барањето и условите што треба да ги исполнува превозникот за да може да учествува на истиот.

Член 22

Барањето за одобрување на возен ред се поднесува до општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот, во рокот определен во објавениот оглас,во затворен плик, препорачано по пошта или со потврден прием во архивата на општината.

Член 23

Барањето за одобрување на возен ред и за промена на одобрен возен ред ги содржи следните податоци:полн назив,седиште и адреса на превозникот, матичен број и даночен број на превозникот, вид на превозот за кој се бара одобрување на возниот ред,односно промена на возен ред за кој е издадена дозвола.

Кон барањето превозникот ги приложува следните документи како доказ за исполнување на условите за одобрување на возен ред и тоа:

-копие од лиценца за општински линиски превоз,

-копие од сите возни редови за линии кој му се одобрени,

-број на возила (сопствени или по договор за лизинг) со кои располага превозникот,

-предлог на возниот ред на линијата изготвен на пропишан образец,

-број на вработени возачи во редовен работен однос во зависност од бројот на возилата со кои го врши превозот, минимум еден возач по возило (фотокопија од обрасците М1 и М2 и потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за платени придонеси не постари од три месеци за секој возач поодделно), и

-вид на превозот за кој се бара одобрување на возниот ред,односно промена на возниот ред.

Барањето треба да биде потпишано и заверено од законскиот застапник на превозникот.

Член 24

Барањата за одобрување возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии ги разгледува Комисија составена од 5 (пет) члена и тоа по еден член од секоја општина потписничка на оваа Спогодба и еден претставник од здружението на превозниците.

Именување на член на Комисијата од став 1 на овој член ќе врши градоначалникот на соодветната општина .

Член 25

Комисијата од член 24 на оваа Спогодба за својата работа поднесува извештај и предлог на листа на одобрени, односно одбиени барања до градоначалниците на општините во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот.

Врз основа на одобрените листи градоначалникот донесува решение со кое возниот ред на линијата се одобрува или одбива.

Примерок од решението се доставува до превозникот.

Против решението на градоначалникот од ста 2 на овој член превозникот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 26

Превозникот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до градоначалникот на соодветната општина доставува барање за регистрација на одобрениот возен ред и издавање на дозвола за линијата за која возниот ред е одобрен.

Кон барањето за регистрација на одобрениот возен ред и издавање на дозвола за линијата се приложуваат и следните документи:

-решение за одобрен возен ред,

-одобрениот возен ред изготвен на пропишан образец,

-доказ за платена административна такса за регистрирање на возен ред,и

-доказ за платена административна такса за издавање на дозволата (зависно од бројот на дозволи).

Член 27

Превозникот е должен да ги одржува линиите согласно регистрираниот возен ред.

## IV - Локација на автобуски стојалишта, нивно обележу-вање, опремување и менување

Член 28

Автобуско стојалиште е простор одреден за застанување на возилата согласно со возниот ред и за безбедно влегување, односно излегување на патниците.

Член 29

Локациите на автобуските стојалишта бо заедичкиот превоз на патници се утврдени во членот 2 на оваа Спогодба.

Изградбата, обележувањето и одржувањето на автобуските стојалишта се врши на начин и услови утврдени со Програмите за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на општините потписнички на оваа Спогодба.

За користење на автобуските стојалишта превозниците плаќаат надомест.

Висината на надоместокот од став 3 на овој член ја утврдуваат Советите на општините потписнички на оваа Спогодба.

Член 30

Иницијатива за покренување постапка за измена на локациите на автобуските стојалишта можат да поднесат месните заедници превозниците и граѓаните до Советите на општините потписнички на оваа Спогодба.

Советите на општините од став 1 на овој член одлучуваат за измена на локациите на автобуските стојалишта.

## V-Тарифен систем и систем на наплата

Член 31

Со тарифниот систем се определува цената на превозот во заедничкиот превоз на патници.

Највисоката цена на превозот од став 1 на овој член изнесува:

-до 5 км……...…… 30 денари
-од 5 до 10 км…….….40 денари
-од 10 до15 км ………..50 денари
-од 15 до 20 км..…..….60 денари
-над 20 км……………..70 денари.

Член 32

Систем на наплата е наплатата на превозните услуги во заедничкиот превоз на патници.

Превозните услуги се наплаќаат преку фискален апарат во возилото во висина на утврдената тарифа од член 31 на оваа Спогодба.

## VI-Критериуми и начин за издавање и одземање на дозвола за вршење на превозот и распоредување на возните редови

Член 33

Постапката за добивање и одземање на дозвола за редовен линиски превоз на патници во заедничкиот превоз на патници опфаќа одделни дејствија со кои определено правно и физичко лице кое поседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници за општините потписнички на оваа Спогодба,се стекнува со право да врши превоз на патници на определена линија, согласно утврден и одобрен возен ред.

Член 34

Барањето за издавање на дозвола, од страна на превозникот кој има одобрен возен ред за определена линија се поднесува до градоначалникот на општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот.

Кон барањето превозникот поднесува решение со кое му е одобрен возниот ред за линијата за која бара дозвола и регистриран возен ред издадени од градоначалникот во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред. По барање на превозникот можат да се издадат и повеќе примероци на негов трошок.

За издавање на дозвола покрај решението и возниот ред превозникот приложува и ценовник.

Член 35

Дозволата се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за нејзино издавање.

Член 36

Барањето за издавање на дозвола ќе биде одбиено ако барателот:

-не достави одобрен и регистриран возен ред,

-во рок од 30 дена од денот на одобрувањето на возниот ред не поднесе барање за издавање на дозвола,

-нема лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници,

-нема доволен број на возила во сопственост, и

-нема најмалку по еден вработен возач во редовен работен однос по возило.

Член 37

По истекот на рокот за кој е издадена дозволата од член 35 на оваа Спогодба истата може да се продолжи.

Барањето за продолжување на важноста на дозволата се поднесува до градоначалникот на општината во зависност од седиштето, односно адресата на превозникот во рок од 30 дена пред истекот на рокот на важењето на претходно издадената дозвола.

Кон барање за продолжување на важноста на дозволата превозникот покрај доказите од член 36 на оваа Спогодба приложува и копие од издадената дозвола чие продолжување се бара.

Член 38

Дозволата од член 37 на оваа Спогодба нема да се продолжи ако:

-истекол рокот на важноста на лиценцата,

-не ги подмирил законските обврски во врска со вршењето на превозот (платен данок, пензиско и здравствено осигурување и слично),

-нема доволен број на соодветни возила во сопственост и најмалку по еден возач во редовен работен однос по возило, и

-не поднесе барање за продолжување на важноста на возниот ред и дозволата во рокот определен во член 35 на оваа Спогодба.

Член 39

Дозволата за вршење на заедничиот превоз на патници на превозникот може да му престане ако:

-престанала важноста на лиценцата за вршење на општинскиот линиски превоз на патници,

-превозникот не ги исполнува условите врз основа на кои е издадена,

-на барање на превозникот, и

-превозникот престанал да постои по други основи.

Член 40

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да се замени со нова на барање на превозникот на негов трошок.

Кон барањето за издавање (замена) на нова дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се утврди дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

Член 41

Надзор над спроведување на одредбите на оваа Спогодба вршат Одделенијата за комунални работи на општините потписнички на оваа Спогодба.

Член 42

Инспекциски надзор над примената на одредбите на оваа Спогодба го вршат овластените инспектори за патен сообраќај на општините потписнички на оваа Спогодба, во рамките на подрачјето на општината за која се назначени, согласно Ззконот за превоз во патниот сообраќај.

Член 43

Оваа Спогодба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-3002/1 Совет на општина Струмица
28.06.2007 год. П р е т с е д а в а ч,
С т р у м и ц а Марко Божинов с.р